Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08 - 137/1
Датум: 23 -01- 2025

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 767/1 од 13.12.2024 година, поднесена од [redacted] од Македонски Брод против [redacted] на Подружница на Македонски Шуми – "Сандански" – Македонски Брод, а сегашен Самостоен референт во истото претпријатие, [redacted] за заштита од дискриминација врз основа на образование, политичка припадност, здравствена состојба и личен или општествен статус во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став (1) точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020) го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**
**за отфрлање на претставка**

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08–767/1 од 13.12.2024 година, поднесена од [redacted] од Македонски Брод против [redacted] на Подружница на Македонски Шуми –" Сандански" – Македонски Брод, а сегашен Самостоен референт во истото претпријатие [redacted], **ПОРАДИ НЕНАДЛЕЖНОСТ.**

**О б р а з л о ж е н и е**

На 13.12.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст „**Комисијата**") беше поднесена претставка од [redacted] од Македонски Брод, за заштита од дискриминација сторена од страна [redacted] на Подружница на Македонски Шуми – "Сандански" – Македонски Брод, а сегашен Самостоен референт во истото претпријатие, [redacted] врз основа на образование, политичка припадност, здравствена состојба и личен или општествен статус во областа на работата и работните односи.

Во претставката се наведува дека во повеќе наврати, [redacted] на Подружницата на Македонски шуми – "Сандански", Македонски Брод, а сега самостоен референт во истата институција – [redacted] во 2023 година во канцеларијата на подносителката, на нејзиното работно место, на дрзок начин, со погрдни зборови и на висок тон кон неа вршел мобинг со зборовите – "ќе те избркам од работа", "неписмена", вршел притисок врз неа и ја омаловажувал – "ти ништо не знаеш", "прости сте". Ја вознемирувал и во неговата службена канцеларија и ја навредувал со погоренаведените зборови и пред други вработени кои сведочеле на ваквото однесување. Ова се случувало и во 2024 година кога именуваниот бил и на

работно место – самостоен референт, попречувајќи ја во нејзината работа и загрозувајќи го нејзиното здравје. Подносителката бара од Комисијата за спречување и заштита од дискриминација да преземе соодветни мерки против споменатото лице.

По разгледување на претставката и списите приложени кон истата, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека во конкретниот случај нема надлежност за постапување, а во согласност со член 21 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Имено, Комисијата е надлежна за постапување во случаи кога подносителот на претставката ќе стори веројатно дека поради одредена негова заштитна карактеристика – дискриминаторка основа истиот бил односно е дискриминиран споредено со друго лице или група на лица во иста или слична фактичка ситуација.

Со оглед на наведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја упатува подносителката да побара и оствари заштита на своите права од работен однос на начин што во рамки на институцијата ќе иницира постапка за заштита од вознемирување на работно место, а понатаму и потенцијално ќе поведе судска постапка во согласност со Закон за заштита од вознемирување на работното место.

Врз основа на сето погоре, се одлучи како во диспозитивот на овој заклучок.

Скопје,
23.01.2025 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Лимко Бејзароски

<u>Доставено до:</u>

- [redacted]
- Архива на КСЗД